Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 18-та седница одржана на 17.06.2021 година, во врска со Предлогот бр.03-2362/1 од 15.06.2021 година за поведување прекршочна постапка против операторот ВИВА НЕТ од Берово за прекршување на член 141 од ЗААВМУ, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.11-2318/1 од 10.06.2021 година на ТРД – оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово и утврди прекршување на член 141 од ЗААВМУ.

2. Советот заклучи против ТРД – оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи спротивно на член 141 од ЗААВМУ наведениот оператор на територија на општина Берово и општина Пехчево во својот програмски пакет го реемитува програмскиот сервис „Reality Kings“ кој што не е регистриран во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Се задолжува Секторот за правни работи да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот оператор.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата,
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка,
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата,
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Бр. 02-2359/3**

**17-06 2021 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**